РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-2546/2
26. 12. 2024 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Национален младински совет на Македонија, ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1 1000 Скопје, со број 10-2546/1 од 26.12.2024 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот Национален младински совет на Македонија, ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1 1000 Скопје заверено под број 10-2546/1 од 26.12.2024 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Национален младински совет на Македонија, преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 26.12.2024 година заверено под број 10-2546/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација: Локален младински совет дали е формиран, дали има повик и ако да наведнете листа од членовите и од каква форма е формиран истиот ; Локална стратегија за млади, дали се спроведени консултации, далие усвоена стратегијата, акциски планови и ако не дали се планира за истата; Дали е формирана канцеларија за млади; Дали е формиран младински центар; Кој е назначен службеник за млади во општината, ако да наведнете контакт.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве информира за следното, Советот за Млади во Општина Ресен е со истечен мандат од 21.11.2014 година, листа од членовите согласно Заклучок од Советот на Општина Ресен објавен во “Службен гласник” бр. 12/2014 год. Локална стратегија за млади нема, Канцеларија за млади нема, се планира во најкус можен рок формирање на младински совет и започнување со останатите активности поврзани со тоа. Младински центар во опшtитата нема. Во општината назначен службеник за млади и спорт е Миха Догу Miha.dogu@resen.gov.mk 070217214, во прилог Ви доставуваме овластување на државен службеник Миха Догу со број 09-1365/1 од 06.06.2022 година.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН РЕСЕН